Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 август 2021 година

Скопје, август 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 август 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:15 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваа и Светлана Кузмановска и Ирена Арнаудовска-Малинкова од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и членовите на Владата: д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог на мерки од Комисијата за заразени болести при Министерството за здравство, во врска со заштита на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и спречување на неговото ширење

2. Предлог – одлука за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија

3. Прашања и предлози

4. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општините Штип, Велес, Тетово, Крива Паланка и Кривогаштани

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Во врска со Предлогот на мерки од Комисијата за заразени болести при Министерството за здравство, во врска со заштита на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и спречување на неговото ширење, имајќи ја предвид актуелната епидемиолошка состојба и значително зголемениот број на новорегистрирани позитивни случаи од заразната болест COVID-19, а како резултат на непочитување на превентивните препораки, времените мерки, наредените мерки и соодветните наменски протоколи особено при групирање во затворен простор, Владата согласно предлозите изнесени при расправата на седницата ги донесе следниве заклучоци:

1. До 15 август 2021 година, сите угостителски објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) продолжуваат да работат и во затворениот дел на објектите со искористеност до 40% од капацитетот на затворениот простор или најмногу до 250 гости и да организираат свадби со присуство на музичари, согласно соодветните наменски протоколи кои се во сила.

2. За ноќните барови и клубови (дискотеки), останува во сила забраната за работа во затворениот дел од објектот, освен во отворениот дел (тераси) со 50% од капацитетот на просторот и ограничен број на посетители до најмногу 1000 посетители, согласно постојните наменски протоколи.

3. Почнувајќи од 16 август 2021 година, се забранува во сите угостителски објекти и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, казината и обложувалниците и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, прием на посетители и гости и послужување во затворениот дел на објектите, а во текот на работното време се дозволува работа на отворените делови – тераси од угостителскиот објект и служење пијалаци во внатрешноста на казината, обложувалниците и автомат клубовите.

4. Почнувајќи од 16 август 2021 година, угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) можат да ја организираат работата како ресторани на отворено во отворениот дел од угостителскиот објект, односно на терасите и да организираат свадби со присуство на музичари, согласно соодветниот наменски протокол и се дозволува работа само на отворените делови – тераси од угостителските објекти.

Останува на сила исклучокот од оваа мерка за угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување

(хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.

5. Почнувајќи од 16 август 2021 година, се забранува влез во секаков вид на објект, вклучително и во угостителски објекти, каде има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица, за настан од секаков вид (прослава, веселба, свадба, роденден, крштевка, концерт, семинар, обука, работилница, конференција, културен или спортски настан), без поседување и приложување на потврда за извршена имунизација од вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза на вакцина.

Потврдата за извршена имунизација од вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза на вакцина се однесува за лица над 18-годишна возраст.

Оваа мерка се однесува и за организација, работа и присуство/учество и на секаков вид на настан на отворен простор, каде има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица.

6. Почнувајќи од 16 август 2021 година, се забранува организација и работа без ангажирање и присуство на редарска служба, при влез во затворен и во отворен дел од објекти, капацитети и простории кои даваат услуги кон корисници – угостителски објекти, кафетерии, барови, ноќни клубови (дискотеки), како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, казината и обложувалниците и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и при организирање настан од секаков друг вид (концерт, семинар, обука, курсеви, состаноци, работилница, конференција, културен или спортски настан).

7. За времетраење на наредените мерки од заклучоците под реден број 1, 3, 4, 5 и 6, соодветните наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување во конкретниот дел со кои се менуваат делови од тие протоколи, истите нема да се применуваат.

8. По однос на рокот на отпочнување со примена на наредените мерки од заклучоците под реден број 1, 3, 4, 5 и 6, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров, го издвои своето мислење.

9. Се задолжуваат надлежните инспекциски служби во претстојниот период да ги интензивираат контролите, со цел стриктна примена и почитување на превентивните препораки, времените мерки, наредените мерки и соодветните наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 3

**1.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 29 јули 2021 година до 4 август 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2**.Имајќи ја предвид Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/21), како и итната потреба од справување со непредвидливите последици, односно за превенција, непречено, континуирано и најоптимално справување со кризната состојба, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат Дирекцијата за заштита и спасување и/или Центарот за управување со кризи, во зависност од нивниот делокруг на надлежности, во најкус можен рок да подготват и за наредната седница на Владата да доставаат Предлог – одлука за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловната навигација, за летовите на воздухопловите и хеликоптерите кои учествуваат во воздушното гаснење на пожарите на територијата на Република Северна Македонија.

2) Во однос на фактурите доставени од ТАВ Македонија ДООЕЛ до Центарот за управување со кризи за извршените прелети на воздухопловите и хеликоптерите кои учествуваат во воздушното гаснење на пожарите на територијата на Република Северна Македонија, да се реалоцираат средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година на соодветна ставка во Буџетот на Центарот за управување со кризи, со намена за исплата на фактурите кон ТАВ Македонија ДООЕЛ.

3) Се задолжува Главниот кризен штаб при Центарот за управување со кризи да лоцира соодветен економски оператор кој има доволен број на количини на соодветна опрема (лопати) за ангажираните лица на терен за справување со пожарите и да ја набави истата.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за сместување на пилотите на воздухопловите и хеликоптерите од странските противпожарни единици, како и превоз од/до сместувачките капацитети до/од локациите од каде полетуваат.

5) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди храна за лицата кои учествуваат во работата на Главниот штаб за управување со кризи.
За оваа цел, се задолжува Центарот за управување со кризи до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да достави број на лица кои учествуваат во работата на Главниот штаб за управување со кризи.

## Точка 4

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка, Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес, Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип и Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кривогаштани и имајќи ја предвид Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/21), како и итната потреба од справување со непредвидливите последици, односно за превенција, непречено, континуирано и најоптимално справување со кризната состојба ги донесе одлуките, кои редакциски ќе се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 20:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |